**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп 1 бр. 08-723**
**31.12 2014 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 6 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Заклучокот на Советот бр.02-6428/10 од 24.12.2014 година, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. ДА СЕ ИЗБРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво РАДИО МОРИС ПЛУС ДООЕЛ Македонски Брод, по настапување на ликвидација на имателот на дозволата.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**Образложение**

Согласно член 86 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), над трговско радиодифузно друштво може да се спроведе постапка за ликвидација или да се отвори стечајна постапка согласно со закон.

Трговското радиодифузно друштво РАДИО МОРИС ПЛУС ДООЕЛ Македонски Брод, е имател на дозвола за радио емитување бр.07-2046/1 од 18.06.2007 година, на локално ниво – Македонски Брод, преку терестријален предавател, програмски сервис музичко-говорно радио од општ формат, на македонски јазик.

На ден 19.12.2014 година, на Дистрибутивниот систем на Централен регистар на Република Македонија беше објавено дека за Трговското радиодифузно друштво РАДИО МОРИС ПЛУС ДООЕЛ Македонски Брод со ЕМБС 6415083, е отворена постапка за ликвидација (Прилог бр.1).

Во член 85 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) е утврдено дека дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон во случај ако настапи ликвидација на имателот на дозволата.

Имајќи ги предвид напред наведените одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по настапувањето на ликвидацијата ќе бидат исполнети законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД РАДИО МОРИС ПЛУС ДООЕЛ Македонски Брод, од регистарот на радиодифузери.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 6 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Заклучокот на Советот бр.02-6428/10 од 24.12.2014 година, се донесе решение како во диспозитивот.

Прилог (1):

- Тековна состојба од Трговското радиодифузно друштво РАДИО МОРИС ПЛУС ДООЕЛ Македонски Брод – во ликвидација.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Пецо Симјаноски, Ликвидатор на ТРД МОРИС ПЛУС ДООЕЛ Македонски Брод, с.Суводол, Македонски Брод;
- Секретаријатот на Агенцијата;
- Секторот за правни работи;
- Сектор за меѓународна и европска соработка и односи со јавноста;
- Агенција за електронски комуникации;
- Централен регистар на Република Македонија;
- Назначено лице за водење на Уписникот за предметите по првостепена управна постапка во Агенцијата (Уп 1).

Број: 0809-50/150020140215105
Датум и време: 20.12.2014 г. 13:47:17

**/Електронски издаден документ/**

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 6415083 |
| **Целосен назив:** | Трговско радиодифузно друштво РАДИО МОРИС ПЛУС ДООЕЛ Македонски Брод-во ликвидација |
| **Кратко име:** | РАДИО МОРИС ПЛУС ДООЕЛ Македонски Брод-во ликвидација |
| **Седиште:** | ПАРТИЗАНСКА бр.6 МАКЕДОНСКИ БРОД, МАКЕДОНСКИ БРОД |
| **Вид на субјект на упис:** | ДООЕЛ |
| **Датум на основање:** | 10.10.2008 г. |
| **Времетраење:** | неограничено |
| **Деловен статус:** | Активен |
| **Вид на сопственост:** | Приватна |
| **ЕДБ:** | 4018008500640 |
| **Потекло на капиталот:** | Домашен |
| **Големина на субјектот:** | микро |
| **Организационен облик:** | 05.4 - дооел |
| **Надлежен регистар:** | Трговски Регистар |

| | |
|---|---|
| **Паричен влог EUR:** | 0,00 |
| **Непаричен влог EUR:** | 5.100,00 |
| **Уплатен дел EUR:** | 5.100,00 |
| **Вкупно основна главнина EUR:** | 5.100,00 |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 1404966444018 |

| | |
|---|---|
| Име и презиме/Назив: | ПЕЦО СИМЈАНОСКИ |
| Адреса: | С.СУВОДОЛ, МАКЕДОНСКИ БРОД |
| Тип на сопственик: | Основач/сопственик |
| Паричен влог EUR: | 0,00 |
| Непаричен влог EUR: | 5.100,00 |
| Уплатен дел EUR: | 5.100,00 |
| Вкупен влог EUR: | 5.100,00 |

| | |
|---|---|
| Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра: | 60.10 - Емитување на радиопрограма |
| ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС | |
| Евидентирани се дејности во надворешниот промет | |

| Овластени лица | |
|---|---|
| ЕМБГ: | 1404966444018 |
| Име и презиме: | ПЕЦО СИМЈАНОСКИ |
| Адреса: | СУВОДОЛ, МАКЕДОНСКИ БРОД |
| Овластено лице: | Ликвидатор |

| КОНТАКТ | |
|---|---|
| E-mail: | radiomoris@live.com |

| | |
|---|---|
| Тип на постапка: | Ликвидација |
| Фаза на постапката: | Започнување |

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.